Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

02 Февруари, 2023

Архивски број : 67-937/6

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 147/11), Министерот на Министерството за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО**
**НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**за Државна урбанистичко планска документација**
**за изградба на рударски комплекс Плавица, КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево,**
**Општина Кратово и Општина Пробиштип**

Јавната презентација на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 23.02.2023 година (четврток) во 13:00 часот, во просториите на Општина Пробиштип.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е изложен на јавен увид на web страната на Министерството за транспорт и врски (http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-208).

Заинтересираните граѓани и правни лица можат да учествуваат во Јавната презентација, а за време на јавниот увид на Извештајот за стратегиска оцена кој е објавен и на web страната на Министерството за транспорт и врски ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења.

Сите забелешки засегнатата јавност може да ги доставува по електронски пат или по пошта до Министерството за транспорт и врски.

МИНИСТЕР
БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk